Врз основа на член 18 став 2 и член 23 од Законот за Здруженија и фондации ( Службен весник на Република Македонија бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016 и член 18 и 67 од Статутот на Здружение на пензионери Ѓорче Петров – Скопје, на својата редовна седница одржана на 25.10.,2022 година донесе Одлука со арх. Бр. 315/1 од 07.11.2022 година за изменување и дополнување на Статутот на Здружението и го утврди следниот пречистен текст:

# СТАТУТ
# На здружението на пензионери Ѓорче Петров - Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Статут се уредуваат начинот, условите и постапката за основање, работа и престанок на Здружението на пензионери Ѓорче Петров- Скопје, имотот со кој располага, надзорот, статусните промени и други прашања утврдени со Законот за здруженија и фондации.

### Член 2

Здружението на пензионери Ѓорче Петров – Скопје (во натамошниот текст Здружение) е Здружение на корисници на пензија од подрачјето на Општина Ѓорче Петров кои доброволно се определуваат да членуваат во Здружението, заради остварување и заштита на своите заеднички интереси по основ на пензиското и инвалитското осигурување, здраствената заштита и другите права утврдени со Устав, Закон и овој Статут.

### Член 3

Здружението е невладина, непартиска, непрофитна и мултиетничка организација.

### Член 4

Здружението е правно лице.

Својството на правно лице. Здружението го стекнува со денот на уписот во регистарот на Здруженија на граѓани и фондации што го води Централниот регистар на Република Македонија.

Здружението не може да се трансформира во друг вид правно лице.

### Член 5

Здружението има печат, штембил и амблем.

Печатот е во тркалезна форма со пречник од 26 мм, а во горниот дел полукружно е испишан текстот: Здружение на пензионери Ѓорче Петров, а во долниот дел хоризонтално е испишан зборот: Скопје.

Штембилот е во форма на правоаголник со димензии 6:2,5 см, во чиј горен дел водорамно се испишани името и седиштето на Здружението, а во долниот дел е оставен простор за бројот и датата.

Амблемот на Здружението е во форма на штит. Димензиите на горната , левата и десната страна се еднакви . Долната страна претставува рамнокрак триаголник кој ги поврзува левата и десната страна на амблемот .

- Надворешниот раб на амблемот е во жолта боја .
- Левата половина е во сина боја во која со жолти печатни кирилични букви е испишано „ ЗП “ , а под нив „ ЃП “.
- Десната половина од амблемот е во црвена боја , а во средината се гледа една половина од осмокрако сонце.

### Член 6

Здружението своите цели и задачи, правата, интересите должностите и одговорностите ги остварува согласно Уставот, Законот и овој Статут и е независно во управувањето, определувањето и остварувањето на целите и дејностите утврдени со овој Статут.

Член 7

Работата на Здружението е јавна.

Начинот на обезбедувањето и остварувањето на јавноста во работата на Здружението се утврдува со овој Статут.

## ИМЕ И СЕДИШТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 8

Името на здружението е: Здружение на пензионери Ѓорче Петров - Скопје.

Седиштето на Здружението е на ул. Ѓорче Петров бр. 12-а, Ѓорче Петров.

## ЗАСТАПУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 9

Здружението има еден овластен застапник.

Законски застапник на здружението е претседателот на Извршниот одбор на Здружението кој го застапува и го претставува Здружението во правниот промет, спрема трети лица и врши други работи во согласност со Закон и овој Статут.

Претседателот на Извршниот одбор го избира Собранието од редот на членовите на Извршниот одбор.

Претседателот на Извршниот одбор истовремено е и претседател на Здружението.

## II. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 10

Здружението ги остварува сите права, цели, интереси, должности и одговорности во согласност со Уставот, Законот и овој Статут и е независно во управувањето, определувањето и остварувањето на целите и дејностите утврдени со овој Статут.

Член 11

Цели и задачи на Здружението се:

1. Преземање активности и мерки за организирано остварување на правата и интересите на своите членови, утврдени со Закон и со овој Статут.
2. Унапредување и јакнење на дејствувањето на Здружението и на демократските односи преку обезбедување на поголемо учество на неговите членови во одлучувањето по прашања од надлежност на Здружението.
3. Следење на прописите од областа на пензиското и инвалидското осигурување, здравствената заштита и од другите области со кои се утврдуваат правата на пензионерите и укажување на стручна помош за остварување на нивните права.
4. Унапредување на работата на Солидарниот фонд за заемна помош на корисниците на пензија - членови на Здружението во случај на смрт преку обезбедување на средства со нивно учество, како и помагање на своите членови во случај на тешка материјална загрозеност, во зависност од финасиските можности на Здружението.
5. Организирање активности од хуманитарен карактер од интерес за членството и вклучување во хуманитарни акции од поширок интерес.
6. Организирање на културно-забавен живот, одмор, спорт, рекреација и едукација на членовите.

7. Поднесување иницијативи и предлози за законско уредување на правата на пензионерите за нивна правна заштита.

8. Остварување на соработка со здруженија на пензионерите од други општини во Републиката и од други држави.

9.Соработка со локалната самоуправа и другите здруженија и невладини организации во Општината,Градот и Републиката;

10.Остварување на други цели и задачи утврдени со програмата за работа на Здружението.

Член 12

Целите и задачите на Здружението се остваруваат преку дејности и активности што се предвидени во годишната програма за работа“.

## III. ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 13

Органи на Здружението се:

-Собрание на Здружението;

-Извршен одбор, и

-Надзорен одбор.

Покрај органите од претходниот став, Здружението има:

-Комисија за Статут и правни прашања, и

-Комисија за спроведување на избори на Здружението

Мандатот на членовите на органите,телата и одборите на разграноците на Здружението од претходните ставови на овој член трае 4 години, со можност за избор на уште еден мандат.

Избраните членови во органите и телата можат да извршуваат само една функција, во органите и телата на Здружението, во Сојузот на здруженија на пензионери на град Скопје и во Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, со цел да се избегне кумулација на функции“.

## СОБРАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 14

Собранието е највисок орган на Здружението.

Собранието го сочинуваат претставници избрани од разграноците на Здружението.

Собранието на Здружението има 25 члена.

Бројот на претставниците во Собранието од одделни разграноци со посебен акт го утврдува Собранието, во зависност од бројот на членовите на разгранокот.

Секој разгранок е застапен во Собранието со најмалку два члена.

Член 15

Собранието се конституира на седница.

Конститутивната седница може да се одржи и да одлучува полноважно, ако на неа присуствува мнозинство од вкупниот број членови на Собранието.

Конститутивната седница ја свикува Претседателот на Собранието во рок од 20 дена по завршување на изборите. Тој раководи со седницата до избор на работното претседателство.

Ако претседателот не ја свика седницата во определениот рок, седницата ја свикува Извршниот одбор и со неа ќе раководи до изборот на работно претседателство најстариот член на Собранието.

Конститутивната седница работи и одлучува според Деловникот што се донесува на седницата.

Собранието врши верификација на мандатот на членовите на Собранието по предлог од Верификациона комисија, на начин и постапка утврдени со Деловникот за работа на Конститутивната седница.

Член 16

Собранието има Претседател.

Претседателот на Собранието го избира Собранието на Здружението од редот на своите членови по предлог на кандидационата комисија на Собранието,со јавно гласање,до колку не се одлучи да се гласа тајно.

Претседателот на Собранието го избира Собранието со мнозинство на гласови од присутните членови на Собранието на седницата на која се врши изборот.

Претседателот на Собранието го претставува Собранието.

Собранието може да го разреши Претседателот на Собранието според постапката за негов избор,по предлог на една третина од членовите на Собранието,од Надзорниот одбор или една третина од разграноците,ако работи спротивно на целите и задачите утврдени со Статутот или ако поднесе оставка.

Член 17

Собранието на Здружението ги врши следните работи:

- Донесува Статут, Програма и други акти предвидени со овој Статут;
- Усвојува Годишен извештај за работата и Финансиски извештај и Програма за работа;
- Доставува Финансиски извештај до надлежниот орган на државна управа(годишна сметка на приходи и расходи);
- Одлучува за промени на целите и задачите на Здружението;
- Одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите на Здружението;
- Избира и разрешува членови на органите на Здружението;
- Одлучува за основање и укинување на разграноци;
- Утврдува услови и критериуми за користење одделни права;
- Одлучува за висината на надоместокот за носителите на функции во органите и телата на Здружението
- одлучува за престанување на членството во органите и телата на Здружението

-Одлучува за доделување на дипломи, признанија, благодарници и друг вид награди на пензионери и други субјекти кои се истакнале во своето работење и кои придонеле за афирмација на Здружението.

Одлучува за статусни промени-присоединување,спојување и поделба на Здружението;

-Одлучува за здружување со други здруженија или други облици на поврзување и соработка,како и за истапување од нив;

- Избира и отповикува членови за Собранијата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Р. Македонија и во Сојузот на здруженијата на пензионерите на град Скопје;
- Одлучува за висината на членарината и за висината на дел од членарината со кој се финансира Сојузот на здруженија на пензионерите на Р. Македонија и Сојузот на здруженија на пензионерите на град Скопје во согласност со одлуките на тие органи;
- Одлучува за висината на придонесот од пензионерите-членови на Здружението во солидарниот фонд;
- Одлучува за соработка и збратимување со други здруженија на пензионери во Републиката и надвор од неа;
- Донесува одлуки и заклучоци што се во негова надлежност,во согласност со Закон и овој Статут;
- Одлучува за престанок на Здружението со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на Здружението;
- Врши и други работи во согласност со Закон,овој Статут и други акти на Здружението.

Член 18

Собранието работи и одлучува на седници.

Седница на Собранието се свикува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Седниците на Собранието ги свикува и со нив претседава претседателот на Собранието.

Поканата и материјалите за седницата на Собранието се доставуваат најмалку пет дена пред денот на одржување на седницата.

Седницата на Собранието се свикува и по барање на Извршниот одбор и Надзорниот одбор.

Ако претседателот не свика седница на Собранието во рок од 14 дена, од денот на поднесување на барањето, седницата ја свикува подносителот на барањето.

Член 19

Итните седници на Собранието, органите и телата на Здружението можат да се одржат освен со физичко присуство и преку онлајн и телефонска врска, само во случај на неодложни случаи.

За одржување на вакви седници од став 1 на овој член одлучуваат претседателите на органите и тела на Здружението.

Во случај на спречност или отсутност, претседателот на Собранието го заменува најстариот член на овој орган.

Член 20

Собранието може да одржи и вонредна седница по писмено барање од:

- една третина од членовите на Здружението
- една третина од вкупниот број на членови на Собранието или
- по писмено барање на најмалку три разграноци на Здружението

Вонредната седница на Собранието од став 1 на овој член се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за одржување на седницата.

Член 21

Собранието може да работи и полноважно да одлучува ако на седницата присуствува двотретинско мнозинство од вкупниот број членови на Собранието.

Одлуките на седниците на Собранието се донесуваат со јавно гласање.

Собранието може да одлучи одделни одлуки да ги донесува со тајно гласање.

Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Собранието на седницата.

7.

Секој член на Собранието има право на глас.

Статутот на Здружението и одлуката за престанок на Здружението се донесуваат со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Собранието.

За седницата на Собранието се води записник што се усвојува на наредната седница.

Член 22

Изборите за членови на Собранието ги распишува претседателот на Собранието, а најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот на Собранието.

Во случај претседателот да не може или пак не распишува избори во рок од 30 дена по истекот на овој рок, во рок од 10 дена изборите ќе ги распише Извршниот одбор.

Изборите за членови на Собранието се одржуваат секоја четврта година.

За спроведување на изборите за членови на Собранието, одборите на разграноците како и другите органи и тела, Собранието на Здружението основа Комисија за спроведување на избори.

Член 23

Претседателот на Собранието на Здружението:

- Го претставува Собранието

-Ги свикува седниците на Собранието на Здружението и претседава со нив;

- Се грижи за примена на Статутот и Деловникот за работа на Собранието;

- Се грижи за усогласување на односите на Собранието и Извршниот одбор во врска со подготвувањето на седниците на Собранието и материјалите за седниците;

- Присуствува на посети и приеми на претставници на органи, пензионерски и други организации од земјата и од странсво;

- Распишува редовни и дополнителни избори за избор на членови на: Собрание, одборите, одбори на разграноци, како и други тела.

- Дополнителни избори се спроведуваат само во разграноците во кои им престанал мандатот на предходно избраните членови

- Учествува на советувања и други собири посветени на системот на пензиското осигурување и организирање на пензиската организација,и;

- Врши други работи што ќе му ги довери Собранието.

Член 24

Членовите на Собранието ги имаат следните права и должности:

- да учествуваат во работата на Собранието и да заземаат ставови по прашања за кои се одлучува на седниците на органите на Здружението;

- да ги застапуваат ставовите, предлозите и мислењата на разгранокот од кој се избрани и да ги запознаваат членовите и органите на разгранокот со работата на Собранието и на неговите органи и со одлуките што ги донесле;

- да избираат и да бидат избрани во органите на Здружението и во нивните работни тела;

- да поведуваат иницијативи за разгледување на одделни прашања од надлежност на органите на Здружението и да учествуваат во донесувањето на актите за тие прашања;

- да поднесуваат предлози за избор и разрешување на членови на органите на Здружението.

Членовите на Собранието се стекнуваат со правата и должностите од ставот 1 на овој член со денот на верификација на мандатот.

Член 25

На член на Собранието му престанува мандатот:

- ако поднесе оставка;

- ако престане да биде член на Здружението;

- во случај на смрт.

- Ако не учествува во работата на Собранието, на две или повеќе едноподруго седници од неоправдани причини.

Разгранокот кој го избрал членот на Собранието може да го отповика поради неизвршување на обврските што му ги доверил и на обврските и задачите во органите на Здружението. Отповикувањето се врши на начин и постапка за избор на член на Собранието.

Во случај на престанок на мандатот на член на Собранието се распишуваат дополнителни избори за член на Собранието во разгранокот во кој бил избран членот кому му престанал мандатот.

ДРУГИ ТЕЛА НА СОБРАНИЕТО- КОМИСИИ

Член 26

Комисијата за Статут и правни прашања;

Комисијата се состои од три члена кои ги избира Собранието од редот на членовите на Здружението“

Комисијата од редот на своите членови избира претседател.

Го разгледува нацртот и предлогот на Статутот на Здружението, одлуките за измена и дополнување на Статутот и други акти, и дава мислење по нив дали се во согласност со Законот;

Дава мислење на Собранието по одредени акти на Сојузите во кои Здружението е член и зазема ставови по одредени нивни акти;

Ги следи прописите од областа на пензиското осигурување,здраствената заштита и други прописи од кои произлегуваат права и обврски на Здружението.

Член 27

Комисијата за спроведување на избори се состои од три члена кои ги избира Собранието на Здружението од редот на членовите на Здружението

Комисијата од редот на своите членови избира претседател.

Комисијата за спроведување на изборите врз основа на решението на претседателот на Собранието за распишување на избори, ги спроведува редовните и дополнителните избори за членови на органите, телата и одборите на разграноците во Здружението и одлучува по приговорите за евентуални неправилности при спроведувањето на изборите во разграноците на пензионери.

По спроведувањето на изборите, комисијата му поднесува извештај на Собранието на Здружението

ИЗВРШЕН ОДБОР

Член 28

Извршниот одбор брои седум члена.

Секој разгранок е застапен со по еден член во Извршниот одбор.

Членовите на Извршниот одбор ги избира Собранието на предлог на Кандидационата комисија, од редот на членовите на Здружението предложени како можни кандидати од разграноците на пензионерите.

Членовите на Извршниот одбор, Собранието ги избира со мнозинство гласови од присутните членови на Собранието.

Член 29

Собранието може да го избира и разрешува претседателот на Извршниот одбор во постапката за неговиот избор.

Разрешувањето на претседателот на Извршниот одбор се врши по предлог на претседателот на Собранието, Надзорниот одбор и најмалку една третина од членовите на Извршниот одбор.

Во случај на спреченост на претседателот на ИО потпретседателот на ИО свикува седница на Извршниот одбор.“

Член 30

По предлог на претседателот на Извршниот одбор се избира потпретседател на Одборот од редот на своите членови.

Во случај на отсутност или спреченост на претседателот на Извршниот одбор, претседателот писмено го овластува да го заменува подпретседателот кој ќе ги има правата и обврските содржани во овластувањето .

Извршниот одбор може да го разреши потпретседателот по постапка на неговиот избор.“

Член 31

Извршниот одбор избира секретар од редот на членовите на Извршниот одбор или од редот на членовите на Здружението.

Член 32

Извршниот одбор се грижи за спроведување на Статутот, Програмата и другите акти на Здружението.

Извршниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието.

За својата работа Извршниот одбор му поднесува извештај на Собранието најмалку еднаш годишно.

Собранието може, по предлог од Извршниот одбор, да го разреши членот на Извршниот одбор поради не спроведување на обврските и задачите.

Собранието може да го разреши целиот состав на Извршниот одбор пред истекот на мандатот поради неизвршување на обврските и задачите согласно Статутот на здружението.

Член 33

Извршниот одбор работи и одлучува на седница.

Седниците на Извршниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот на Извршниот одбор.

Извршниот одбор може да работи и да одлучува полноважно ако на седницата присуствува двотретинско мнозинство од вкупниот број членови.

Одлуките на Извршниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на седницата.

На седницата на Извршниот одбор може, по покана од претседателот или врз основа на заклучок на Одборот, да присуствуваат и учествуваат во работата и претседателите на разграноците, одделни членови на Здружението и други претставници.

Претседателот на Собранието може да учествува во работата на Извршниот одбор без право на одлучување.

За седницата на Извршниот одбор се води записник, што се усвојува на првата наредна седница на Одборот.

Усвоениот записник го потпишуваат претседателот и записничарот.

Член 34

Извршниот одбор на Собранието ги врши следните работи:

- ги подготвува седниците на Собранието;
- ги утврдува нацртите и предлозите на Статутот, на извештаите, на програмата и на другите акти од надлежност на Собранието;
- ги спроведува актите на Собранието;
- управува со имотот и со средствата на Здружението без право на отуѓување;
- одлучува за користење на средствата на Здружението според намените утврдени со финансискиот план на приходите и расходите на Здружението за тековната година;
-Утврдува предлог годишен финансиски извештај за работа-годишна сметка на приходи и расходи.
-Утврдува предлог финансиски план на приходи и расходи на Здружението за тековната година.
- Ја определува висината на надоместокот на лицата ангажирани за извршување на административно - техничките работи“
- донесува деловник за својата работа;
- утврдува предлог деловник на Собранието;
- основа и разрешува работни тела (комисии, активи, одбори, групи) за разгледување на одделни прашања од надлежност на Собранието и на Извршниот одбор и за изготвување на предлози и мислења по нив, го утврдува делокругот на работните тела и ги именува претседателите и членовите;
- решава по приговори против решенијата на претседателот на Извршниот одбор;
- решава по барања, приговори, жалби и поплаки од членови на Здружението, ги разгледува нивните предлози и иницијативи и им дава одговори;

- донесува акти од својата надлежност и поднесува иницијативи и предлози за разгледување и решавање на одделни прашања;

- одлучува за давање помош на членовите на Здружението во случаите утврдени со акт на Здружението;

- основа стручна служба за вршење на стручни и административно - технички работи за потребите на органите на Здружението;

- ги следи прописите од областа на пензиското осигурување и здравствена заштита и по нив дава предлози, мислења и забелешки;

- остварува соработка со извршните одбори на другите здруженија на пензионерите по прашања од заеднички интерес;

- поднесува предлози до Собранието за доделување на дипломи, благодарници и други признанија, на членови на Здружението и на други личности за нивниот придонес за успешно остварување на целите и задачите на Здружението;

- ги информира членовите на Здружението за работата на неговите органи;

- врши и други работи што ќе му ги довери Собранието.

Член 35

Претседателот на Извршниот одбор ги има следните права, надлежности и одговорности:

- ги свикува седниците на Извршниот одбор, го предлага дневниот ред и раководи со седниците;

- го застапува и го претставува Здружението во правниот промет и спрема трети лица;

- се грижи за спроведување на актите и ставовите на Собранието и Извршниот одбор;

- склучува договори во име на Здружението;

- се грижи за рационално користење на имотот и средствата на Здружението и за инвестиционото и тековното одржување на просториите на Здружението;

- го следи остварувањето на планираните приходи и расходи на Здружението и за тоа го запознава Извршниот одбор;

- може да ангажира и разрешува членови на Здружението за извршување на определени стручни работи за потребите на Здружението, со претдходна одлука на Извршниот одбор и интерен оглас;

- врши и други работи за кои посебно е овластен со деловникот на Извршниот одбор или што ќе му ги доверат Собранието и Извршниот одбор;

Член 36

Секретарот на Извршниот одбор ги врши следните работи:

- оперативно ги спроведува актите и ставовите на Извршниот одбор;

- подготвува, односно го организира подготвувањето на материјалите за седниците на Собранието , Извршниот одбор како и на другите органи и тела на Здружението;

- ја организира стручната служба и раководи со неа;

- ги води записниците од седниците на Собранието , Извршниот одбор како и на другите органи и тела на Здружението;

- врши и други работи утврдени со деловниците на Собранието и на Извршниот одбор или што ќе му ги доверат Извршниот одбор и претседателот на Одборот.

НАДЗОРЕН ОДБОР

Член 37

Надзорниот одбор е орган на Здружението.

Надзорниот одбор го сочинуваат три члена, што ги избира Собранието од членовите на Здружението.

Надзорниот одбор од редот на своите членови избира претседател на Одборот.

Надзорниот одбор може да го разреши претседателот на Одборот на своја иницијатива, по предлог на Собранието или на Извршниот одбор.

Собранието може да ги разреши членовите на Надзорниот одбор по предлог од најмалку една третина од членовите на Собранието или од Извршниот одбор според постапката за нивниот избор.

Член 38

Надзорниот одбор ја следи примената на Статутот и програмата за работа,и се грижи за работењето и имотот на Здружението.

Надзорниот одбор врши надзор и контрола врз законитоста на материјално-финансиското работење на органите на Здружението и правилната примена на прописите од таа област и ја разгледува годишната сметка на Здружението.

За констатираните состојби Надзорниот одбор поднесува извештај до Собарнието најмалку еднаш годишно.

Надзорниот одбор може да побара свикување седница на Собранието заради разгледување на негов извештај.

Член 39

Надзорниот одбор работи на седници.

Седниците на Надзорниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот на Надзорниот одбор,а седница може да биде свикана и по барање на Претседателот на Собранието и Извршниот одбор.

Органите и телата на Здружението се должни да соработуваат со Надзорниот одбор и да создаваат услови и можности за извршување на неговите задачи.

## IV. СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 40

За извршување на целите и задачите на Здружението утврдени со овој Статут и Програмата за работа, Здружението стекнува средства и имот од следните извори:

- Членнарина;
- Донации и спонзорства;
- Закупнина;
- Камати,и;
- Други приходи во согласност со Закон и овој Статут.

Член 41

Со имотот и средствата на Здружението управува и одговара за управувањето Извршниот одбор на Здружението во согласност со актите на Здружението и начелата на добро управување во интерес на Здружението,односно во интерес на остварувањето на целите и задачите во согласност со овој Статут и Закон.

Распределба на средствата на Здружението се врши со финансискиот план на приходите и расходите што секоја година го донесува Собранието по предлог од Извршниот одбор, се користат за остварување на целите и задачите на Здружението и за извршување на неговите обврски.

Материјално-финансиското работење на Здружението се води и остварува според законски прописи.

Наредбодател за извршување на финансискиот план на Здружението е претседателот на Извршниот одбор.

Член 42

Финансиските средства на Здружението се употребуваат за остварување на целите и задачите на Здружението определени со Статут и Програмата за работа.

Членовите на органите на Здружението и нивните застапници по закон се должни да управуваат и работат со внимание и во согласност со начелата на добро
управување во интерес на Здружението,а над личните интереси,односно во интерес на остварување на целите и задачите во согласност со Закон и овој Статут.

Член 43

Здружението одговара за своите обврски со целиот свој имот и средства.
Членовите на органите на Здружението одговараат лично и неограничено за нивната обврска кон Здружението,за злоупотреба на средствата на Здружението,за постигнување на цели што за нив како поединци се забранети или за злоупотреба на Здружението како правно лице за да им нанесат штета на своите доверители.

Член 44

Членовите на органите на Здружението и застапникот по закон се одговорни за штетата на Здружението предизвикана со грубо невнимание или со намера да се предизвика штета,освен кога во одлучување го издвоиле своето мислење на записник или ако не учествувале во одлучувањето.”

## V.. ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА ВО РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 45

Јавноста во работата на Здружението се остварува преку можноста на седниците на неговите органи и тела да присуствуваат претставници на средствата за јавно информирање и на заинтересираните членови на Здружението, преку соопштенија до средствата за јавно информирање и конференции со нивни претставници, објавување на актите на огласна табла, во билтени на Здружението и на други начини со кои се овозможува запознавање на членовите на Здружението со работата на неговите органи.

## VI. РАЗГРАНОЦИ НА ЗДУЖЕНИЕТО

Член 46

Во согласност со територијалниот принцип на организирање, основен облик на организирање и дејствување на Здружението е разгранокот.

Подрачјата и условите за основање на разгранок ги утврдува Собранието со одлука.

Разграноците се организираат за подрачјето на една или повеќе урбани заедници, односно за едно или повеќе населени места, во зависност од бројот на пензионерите кои живеат во нив, а не помалку од 300.

Во руралните разграноци бројот на членови во разгранокот може да биде помал од 300.

Член 47

Разгранокот има собир што го сочинуваат сите негови членови кои живеат на подрачјето на кое е основан разгранокот.

Собирот на членовите на разгранокот избира:

- Членови на Собранието на Здружението;
- Предлага член на Извршниот одбор;
- Одбор на разгранокот;
- Предлага кандидати за носители на функциите во органите на Здружението.
- Предлага кандидати за членови во органите на Сојузот на здруженија на пензионери на град Скопје и Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

Одборот на разгранокот го сочинуваат 5-7 членови.

Одборот на разгранокот од својот состав избира претседател и секретар.

По потреба Одборот на разгранокот формира работно тело за определени работи (спортски, културни-забавни и други активности).

Член 48

Собирот го свикува претседателот на одборот по своја иницијатива, по заклучок на одборот или по барање на најмалку 15 членови на разгранокот.

Собирот може да го свика и Извршниот одбор на Собранието на Здружението.

Собирот може да се свика за разгледување на прашања што со Статутот на Здружението се утврдени како негови цели и задачи, како и за прашања во врска
со работата на органните на Здружението и на членовите на Собранието избрани од разгранокот.

Собирот може да работи и да одлучува полноважно ако на него присуствуваат најмалку 10% од вкупниот број членови на разгранокот.

Доколку и по истекот на половина час од закажаното време за почетокот со работа на собирот не бидат присутни 10% од вкупниот број членови на разгранокот, собирот може да работи и одлучува полноважно со присутните членови на собирот.

Собирот одлучува со јавно гласање, со мнозинство гласови од присутните членови на собирот. Собирот може да одлучи гласањето да биде тајно и одлуките да се донесуваат со посебно мнозинство.

Член 49

Одборот на разгранокот:

- дава мислења, предлози и забелешки по материјалите што ќе ги разгледуваат Собранието и неговиот Извршен одбор;
- поднесува иницијативи и предлози за разгледување и решавања на одделни прашања од интерес за Здружението и за сите пензионери;
- се грижи за организирањето и спроведувањето на културно-забавниот живот, одморот, рекреацијата и спортските игри на членовите на разгранокот;
- организира посети на болни пензионери, евидентирање на изнемоштени членови на разгранокот, хуманитарни активности и укажување друга помош;
- дава мислење за станбената положба по барање од член на разгранокот за сместување во пензионерските домови;
- го информира членството за активностите на органите на Здружението.

Одборот може за согледување на одделни прашања од делокругот на разгранокот и за подготвување на предлозите и мислења по нив да образува работни тела.

## VII. ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 50

Членувањето во Здружението е доброволно.

Член на Здружението може да биде секој граѓанин-корисник на пензија, остварена по било кој основ, кој е државјанин на Република Македонија и ќе потпише пристапница за членување во Здружението, додека престанокот на членството по основ за доброволното истапување , задолжително се враќа пристапницата “.

.Член на Здружението може да биде и друг пензионер кој доброволно сака да пристапи во членството на Здружението.

Член на Здружението може да биде и странски државјанин-корисник на пензија преку фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, кој има живеалиште во Република Македонија и плаќа членарина.

Членството во Здружението почнува од месецот од кога членот почнува да плаќа членарина.

Здружението води регистар на членови и евиденција на членовите на органите кој се ажурира еднаш на две години.

Податоците во регистарот се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

Член на Здружението може доброволно да истапи од членството во Здружението со поднесување на изјава за тоа или со престанување на плаќање на членарината.

Член 51

Членовите на Здружението имаат еднакви права и обврски. Членот на Здружението ги има следните права и обврски:

- да избира и да биде избран во органите на Здружението и на нивните работни тела;
- редовно да плаќа членарина;
- да учествува во работата и активностите на Здружението според своите можности;
- да поднесува иницијативи и да дава предлози за разгледување на одделни прашања од надлежност на Здружението и да учествува во одлучувањето на тие прашања;
- да се залага и да придонесува за остварување на целите и задачите на Здружението;
- да биде член на Солидарниот фонд за заемна помош на корисниците на пензија и да ги користи правата утврдени со актите за негово основање и работење;
- да бара и да добива совети и правна помош во врска со остварувањата на правата од пензиското и инвалидското осигурување и здравствената заштита.

Член 52

Членството во Здружението престанува:

- со истапување од членството на Здружението;
- со иселување од подрачјето;
- со престанокот на плаќањето на членарината;
- со смрт.

## VIII. СОРАБОТКА И ЗДРУЖУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 53

Здружението остварува соработка со други здруженија, како со хуманитарни и други организации и здруженија на граѓани. Соработката се остварува по прашања од заеднички интерес, што се утврдува договорено.

Член 54

Заради унапредување на својата работа и активностите, усогласување на ставовите по прашања од заеднички интерес, Здружението може да се здружува во сојузи на здруженијата на пензионерите.

Правата и обврските на сојузот се утврдуваат со неговиот Статут, кој се донесува во согласност со надлежните органи на Здружението или со договор за здружување.

Сојузите во кои се здружува Здружението може да ги извршуваат само оние права и обврски кои Здружението му ги пренесува со посебен акт.

Одлука за здружување во сојуз со други здруженија донесува Собранието на Здружението и дава согласност на Статутот на сојузот.

Член 55

Органите на Здружението ги разгледуваат прашањата за кои одлучуваат органите на соодветниот сојуз и за нив заземаат ставови за реализирање на истите.

Член 56

Со Здружување -членување во сојузите на здруженија, Здружението не го губи својството на правно лице.

1. IX. МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Член 57

За извршување на работите предвидени како цели и задачи на Здружението се формира и организира стручна служба.

Задачи на службата се:

- извршување административно-технички работи на органите на Здружението;
- водење сметководство, изготвување финансов план и годишна пресметка;
- вршење благајнички работи;
- водење евиденција на средствата и имотот;
- грижа за одржување на објекти со кои управува Здружението и разграноците;
- водење евиденција на членството и на разграноците.

## X. СТРУЧНА СЛУЖБА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 58

За вршење на стручните и административно-техничките работи од надлежност на Здружението, се основа Стручна служба.

Стручната служба ја основа и нејзините задачи и обврски ги утврдува Извршниот одбор со посебен акт.

Член 59

За извршување на работите од делокругот на Стручната служба, по правило се ангажираат членови на Здружението.

## XI. НАДОМЕСТОЦИ

Член 60

Право на надомест за вршење на работа од интерес на Здружението имаат избраните, именуваните и ангажираните лица во Здружението.

Одлука, кои лица од претходниот став имаат право на надомест донесува Собранието на предлог на Извршниот одбор.

Висината на надоместокот ја определува Собранието согласно надлежностите утврдени со овој Статут.

Член 61

Носителите на функции и членовите на органите на Здружението, како и другите пензионери кои ќе бидат ангажирани на одделни задачи за потребите на Здружението, имаат право на надоместок на патните и дневните трошоци до износите што се исплатуваат во органите на државната управа.

## XII. ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ И ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 62

Статутот на Здружението се донесува и менува според постапката утврдена со овој статут.

Комисијата за Статут и правни прашања на Здружението изготвува текст на нацртот на Статутот и го доставува до Извршниот одбор. Извршниот одбор го разгледува и го утврдува нацртот на статутот и го дава на јавна расправа во разграноците на Здружението.

Јавната расправа по нацртот на Статутот трае најмалку 15 дена.

Времетраењето на јавната расправа по нацртот го утврдува Извршниот одбор.

Член 63

По истекот на рокот за јавна расправа, Комисијата за Статут и правни прашања, врз основа на добиените предлози, мислења и забелешки од разграноците и од членовите на Здружението,

изготвува текст на предлог на Статутот и извештај за резултатите од јавната расправа по нацртот на Статутот и го доставува до Извршниот одбор.

Извршниот одбор, врз основа на извештајот на Комисијата и текстот на предлогот на Статутот, го утврдува предлогот на Статутот и го доставува до Собранието на Здружението.

Собранието го донесува Статутот на Здружението со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Собранието.

Член 64

Изменувањата и дополнувањата на Статутот на Здружението се вршат според постапката за негово донесување.

Иницијатива за изменувања и дополнувања на Статутот на Здружението можат да поднесат разграноците на Здружението или најмалку 50 членови на Здружението.

Постапката за изменување и дополнување на Статутот може да започне и по предлог од Извршниот одбор или врз основа на заклучок на Собранието.

Комисијата за статут и правни прашања ги разгледува иницијативите, предлозите и заклучоците од ставовите 2 и 3 од овој член, утврдува ставови и мислења по нив и за тоа поднесува извештај на Извршниот одбор.

Одлука за пристапување кон изменување или дополнување на Статутот донесува Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број свои членови.

Член 65

Одлука за изменување на Статутот на Здружението донесува Собранието на Здружението со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број членови на Собранието.

Согласно одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Здружението,Собранието утврдува Пречистен текст на Статут на Здружението на пензионери Ѓорче Петров - Скопје.”

Член 68

Толкување на одредбите на овој Статут дава Собранието врз основа на мислењето од Комисијата за Статут и правни прашања и предлог од Извршниот одбор.

XIII. ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 67

Здружението престанува со работа:

- Со одлука на Собранието на Здружението за престанок во согласност со Статутот,која се донесува со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Собранието на Здружението;
- Ако поминало двојно повеќе време од времето предвидено за одржување на седница на Собранието,а таа не е одржана;
- Ако за две последователни години не е поднесена годишна сметка за приходи и расходи до надлежниот орган;
- Ако дојде до статусна промена (присоединување, спојување или поделба)која предвидува престанок на постоење на Здружението;
- Ако бројот на членови се намали под бројот определен за основање;
- Ако е донесена одлука на надлежен суд;
- Стечај и спроведена ликвидација;
- Други причини предвидени со Законот за здруженија и фондации.

Член 68

Во случај на престанок на Здружението, Собранието одлучува за постапување со имотот и средствата на Здружението.

Имотот и средствата што ќе останат по намирување на обврските по престанокот на Здружението се пренесуваат на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија со намена да се користат за остварување на Сојузот.

Ако Здружението се обедини со друго здружение, имотот и средствата се пренесуваат на заедничко здружение.

## XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 69

Актите на органите на Здружението донесени пред влегувањето во сила на овој Статут ќе се усогласат со него во рок од шест месеци од денот на неговото влегување во сила.

Органите на Здружението продолжуваат со работа во истиот состав до наредните избори.

Член 70

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето

Член 71

Со денот на влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Здружението на пензионери Ѓорче Петров, бр.02-296 од 28.12.2018 год.

Скопје, 25.10.2022 год

Здружението на пензионери Ѓорче Петров - Скопје
Претседател на Собрание
Крсто Златевски